РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
Бр. / Nr. 16-4537/1
28-06-2021 20 год. / viti

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, 2021 година

Министерството за финансии е посветено на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Сите вработените се подеднакво посветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

За таа цел Министерството за финансии ќе:

1. Изготви Упатство за управување со ризикот од корупција и судир на интереси кои имаат негативно влијание на управувањето со финансиите, имотот и угледот на организацијата, кои опфаќаат спречување на:
   - големи престапи, вклучувајќи кражба, затајување, подмитување, фалсификување, лажно претставување, заговор (тајно договарање), перење пари и прикривање на материјални факти.
   - злоупотреба на овластувањата заради стекнување на лична корист за себе, поврзани лица или трета страна, или предизвикуавње загуба на некој друг, при што намерата ќе биде клучен елемент во која измамата се разликува од неправилноста.
   - судир на интерес кога непристрасното и објективно извршување на службените задачи на лицата е загрозено од причини кои вклучуваат семејството, чувства, политичка или национална припадност, економски интерес или друг заеднички интерес со подносител на понуда/добавувач или купувач/корисник на националните средствата или на ЕУ.
2. Изврши измена и дополна на Правилникот за организација и систематизација на работните места согласно кој Секторот за финансиски прашања ќе има генерална надлежност за управување со ризикот вклучувајќи го ризикот од корупција и судир на интереси и ќе биде одговорен за:
   - редовно преиспитување на ризикот од корупција и судир на интереси, со помош на тим за проценка на ризикот,
   - воспоставување на ефикасна политика за борба против корупција и судирот на интереси и реализацијата на планот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
   - обезбедување на свесност на варaботените за корупција и судир на интереси и давање обука,

- обезбедување дека организацијата веднаш по нивното појавување ѓи препраќа случаите на корупција и судир на интереси до надлежните истражни тела.

3. Изврши измена и дополна на Правилникот за организација и систематизација на работните места согласно кој раководителите на секторите се одговорни за секојдневно управување со ризикот од корупција и судир на интереси и акциските планови во согласност со проценета на ризикот од корупција и судир на интереси, а особено за:
   - обезбедување дека во областа од нивна надлежност постои соодветен систем на внатрешна контрола,
   - спречување и откривање на корупција и судир на интереси,
   - обезбедување темелна анализа и примена на заштитни мерки во случај на сомневање за корупција и судир на интереси,
   - преземање на корективни мерки, вклучувајќи и административни казни, ако е применливо.
   - обезбедување систем во кој ќе се евидентираат и чуваат веродостојни податоци за секоја операција, кои ги вклучуваат податоците за постапките и проверките кои се извршени во однос на расходите, а Секторот за внатрешна ревизија ќе постапува во согласност со Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија во проценката на ризикот од корупција и судир на интереси и соодветноста на воспоставената контролна рамка.
4. Изготви Упатство за начинот на пријавување сомнежи за корупција и судир на интереси во рамките на министерството, согласно кое ваквите случаи ќе бидат пријавувани до лицето за пријавување на неправилности согласно Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Правилник за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/16), а лицата кои ќе пријават сомнежи за корупција и судир на интереси ќе бидат заштитени од одмазда.
5. Воспостави пропорционални мерки за спречување на корупцијата и судирот на интереси врз основа на детална проценка на ризикот, заради што на вработените минимум еднаш годишно ќе се обезбеди обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интереси.
6. Веднаш ќе ги разгледува сите случаи за сомневање за корупцијата и судирот на интереси или вистински настаната корупцијата и судирот на интереси со цел подобување на системот на внатрешни контроли.

7. Ќе спроведува политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ќе воспостави јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.
8. Во декември 2021 година ќе се подготви Годишен план за спречување на корупцијата за 2022 година, кој ќе содржи и извештај за реализацијата на активностите од годишниот план за 2021 година.

Број: 16-4537/1

Дата: 28-05-2021, година

Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

Изработил: Гордана Ѓорѓиевска

Проверил : Аритиа Мајнова

Согласен: Трајко Спасовски

Одобрил : д-р Јелена Таст